ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО А.Д. СКОПЈЕ

БЕТОН

CONSTRUCTION COMPANY A.D. SKOPJE




# ДЕЛОВЕН ПЛАН 2020 – 2022

**Скопје, февруари 2020**

**ПРОФИЛ НА ДРУШТВОТО**

ДГ БЕТОН АД Скопје е основано на 22 декември 1947 година како градежно претпријатие за високоградба БЕТОН, од група ентузијасти кои беа водени од потребите за градење на објекти од високоградбата за пазарот во Македонија и кои имаа јасна визија за континуиран развој на компанијата.

Преку континуиран и динамичен развој, минувајќи низ сите етапи на развојот, израсна во водечко друштво од областа на градежништвото во Р.С. Македонија и пошироко. Растежот на БЕТОН е тесно поврзан со развојот и изградбата на стопанството и индустријата на нашата земја.

Во своето постоење БЕТОН има изградено над 75% од сите индустриски објекти во Македонија како и термоелектрани, силоси, ладилници, металургиски комбинати, фабрики и изведено над 2.000.000 м2 станбени објекти. Името БЕТОН може да се види и на многу изградени објекти на странските пазари.

Квалитетот на изведените работи е доволна референца на успешното присуство на БЕТОН на странскиот пазар повеќе од 50 години.

Основната дејност на ДГ БЕТОН АД Скопје е изградба на објекти од Високоградба, Нискоградба и Хидроградба.

Приоритетната дејност / Главна приходна шифра е 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени објекти.

Основната главнина на друштвото се состои од 54.562 акции, номиналната вредност на една акција изнесува 255,65 ЕВРА.

Друштвото е поставено на неколку нивоа на организираност

*ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ*
*ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР*
*СЕКТОРИ*
*СЛУЖБИ*
*ОДДЕЛЕНИЈА*
*РАБОТНИ ЕДИНИЦИ*

Бројот на вработени изнесува 816 вработен, со состојба 31.12.2019 година.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Друштвото за Градежништво Бетон Акционерско Друштво Скопје е трансформирано и работи како акционерско друштво во приватна соспственост, со свое Собрание на акционери и Одбор на директори. Управувањето со акционерското друштво е организирано според едностепен систем на управување согласно одредбите на Законот за трговски друштва.

## ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

ДГ„Бетон" АД Скопје, како општествено одговорна компанија, активно се вклучува во делот на зголемување на квалитетот на општественото живеење. Здравјето и безбедноста на своите вработени, како и на граѓаните, спаѓаат во редовните активности. Отворениот и транспарентен приод,постојаната консултација со претставниците на општеството и на граѓанските асоцијации во интерес на долгогодишната соработка, се главни заложби на Компанијата. За таа цел и, во согласност со определени законски регулативи,деловноста се одвива во рамките на исклучително квалитетен корпоративен менаџмент. Тука спаѓаат вообичаените индустриски стандарди, заштитата на животната околина и основните човекови права.

Уште еден мошне важен дел во работењето претставува поттикнувањето на своите вработени за активно вклучување во развојот на општеството. Организираните обуки придонесуваат за поголеми и поквалитетни можности за учество на големи настани од областа на екологијата и енергетиката, а резултатот се повеќе врвни награди на државно ниво.

Ние се грижиме за општеството на кое му служиме

Високи перформанси. Еколошки стандарди. Долготрајност. Секој од овие концепти е во интерес на нашата Деловна политика.

Општествената одговорност на нашето друштво се дефинира како одговорност на влијанието на нашите одлуки и активности врз општеството и животната средина. Тоа го постигнуваме преку транспарентно и етичко однесување кое придонесува кон одржливиот развој и ги зема предвид очекувањата на засегнатите страни, во согласност е со меѓународните норми и е интегрирано низ целото друштво.

- Нашето друштво гради пријателски и професионални односи со вработените.
- Системот преку кој друштвото ги донесува и спроведува одлуките за реализација на сопствените цели е базиран на инкорпорирање на принципите и практиките на одговорност, транспарентност, етичко однесување,почитување на интересите на сите засегнати страни.
- Етички и лојален однос на пазарот.
- Еден од основните приоритети во професионалното работење на друштвото е почитување на еколошката етика и заштите на околината, што практично е применето во секој наш проект прку користење на програми за нулта емисија на штетни материи.
- Нашето друштво како дел од заедницата во која делува со своите активности вложува во нејзе и придонесува за нејзин развој и подобрување на квалитетот на животот на населението.

## ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР

Нашите клиенти се приоритет во нашето работење. Нивните визии се тие кои го придвижуваат развојот и кои го прават нашето живеење поквалитетно. Заедно ја градиме иднината на нашите поколенија. За да ги исполниме нашите, како и целите и амбициите на нашите клиенти, се потпираме на нашите луѓе кои посветено и квалитетно работат за испочитување на договорените рокови, во сите полиња на изградбата. Денес, БЕТОН претставува друштво подготвено за реализација на секаков објект, од сите големини и каде и да е во светот.

И оваа работна година Друштвото ДГ БЕТОН АД СКОПЈЕ планира да ја потврди својата способност за долгогодишно опстојување на домашните и странските пазари ,пред се нудејќи квалитетни производи и услуги во чекор со најновите достигнувања во сферата на градежништвото и техниката, и најважно од се, задоволувајќи ги потребите и барањата на купувачите и инвеститорите, со право да го задржи епитетот на една од водечките компании во стопанството на Р.С. Македонија.

Оваа 2020 година поставивме амбициозен план пред себе и ги ставивме во служба сите постоечки ресурси на компанијата во насока на реализација на истиот. Соработката со нашите кооперанти/подизведувачи ни е од огромно значење за исполнување на нашите таргети и затоа одржувањето на коректен и партнерски однос со нив ни е еден од клучните приоритети. Планираната реализација за оваа година се темели примарно на веќе потпишани договори со инвеститори, со работи кои треба да се извршат во текот на 2020 година во износ од над 40 милиони евра. Новопотпишаните договори се реализација на големи проекти од нискоградба, како и довршување на веќе-започнатиот проект на изградба на управната зграда на НБРСМ и повеќе објекти на Боров Дол. Проектите планирани за реализација се проекти од огромно значење за развојот на инфраструктурата во РС Македонија.

Дополнително, за оваа година испланиравме значителни инвестиции во опрема и механизација со цел зголемување на капацитетот на компанијата. Исто така, во тек сме на отворање на претставништва на компанијата во странство и планираме инвестиции во истите, со цел обновување на капацитетите на компанијата за работа во странство. Во 2020 година ќе бидат отворени претставништва на ДГ Бетон АД Скопје во Црна Гора, Хрватска и Германија.

Во услови на зголемена конкуренција, особено во однос на пазарот на труд, но и сè уште конзервативниот пристап на финансиските институции во државата, ДГ Бетон АД Скопје планира да покаже позитивни финансиски резултати. Уште во втората половина на 2019 година беа превземени важни чекори за реорганизација на компанијата и консолидирање на ресурсите, со што значително се намалија фиксните трошоци. Промените во насока на подобрување на продуктивноста, зголемување на капацитетот на ресурсите, вклучувајќи ги и човечките ресурси, ќе продолжат и во 2020 година. Во 2019 година, понатака, се превзедоа чекори за создавање на услови за понуда на нови производи на пазарот кои ќе се произведуваат во нашите погони и ќе ја намалат зависноста на компанијата од надворешни добавувачи.

Почитувани акционери, ви благодарам за довербата во нашата работа.

Горан Мауровски,

*Генерален Директор*

## МИСИЈА, ВИЗИЈА и ЦЕЛИ НА КОМПАНИЈА

**Нашата мисија**: Да се дизајнираат, градат и испорачуваат безбедни, висококвалитетни и економични градежни проекти за нашите клиенти, да се обезбедат квалитетни вработувања и можности за раст на кариерата за вработените во нашата компанија.

**Нашата визија**: Да бидеме една од најдобрите иновативни компании за инженерство и градежништво кои служат на глобално ниво.

**Наши цели за перформанси**:

• Да се биде отворен за иновации, користење напредни технологии и секогаш да се бара подобро,

• Да се биде претпазлив и чувствителен во однос на безбедноста во работата и заштитата на животната средина,

• Да ги обучуваме нашите млади вработени во согласност со нашата култура и да ги поттикнуваме на креативност, работливост, чесност, со самодоверба, да можат да комуницираат и користат дискреционо право и да преземаат одговорност, и

• Да ја бараме нашата конкурентска предност и потреба во усовршување на нашето управување и технички вештини во извршување на целите и достигнувањата на целите: Целите што ја рефлектираат нашата одговорност за завршување на работите пред крајот на планираната временска рамка и доставување до клиентот, да се следат многу вредно на највисоко и детално ниво.

• Членовите на Одборот на Директори да ги извршуваат целите и степенот на нивното постигнување во однос на проектите спроведени, за да ги дознаат водечките мотиви на отстапувањата, дали отстапувањата влијаат на резултатот од проектот и доколку е потребно да се создадат нови цели и да се преземат неопходните мерки спрема персоналот кој има одговорност во такво доцнење.

**Нашите вредности** дефинираат како работиме. Ние нема да превземеме или извршиме проект со кој се загрозува некоја од овие вредности. Ние веруваме дека кога се обврзуваме да работиме во рамките на вредностите на БЕТОН, постигнуваме супериорна работа во нашата индустрија. Тие вредности се:

*Инклузивност*

Вклучување на засегнатите страни во нашите процеси и механизмите за донесување одлуки, без исклучување на истите заради дискриминација или предрасуди.

*Интегритет*

Дејствување во согласност со релевантните закони, регулативи и меѓународно прифатените етички вредности во сите наши активности без исклучок.

*Одржливост*

Пристап на корпоративна одржливост што дава свест за економските, еколошките и социјалните одговорности кон внатрешните и надворешните чинители.

*Доверба*

Отворена врска со нашите вработени заснована врз взаемна доверба, почит и успех.

*Иновативност*

Извонредност, иновации и подобрување.

*Посветеност*

Бескомпромисна посветеност на квалитетот, здравјето, безбедноста и животната средина.

*Солидарност*

Споделување успех и заедно соочување со неуспехот.

*Транспарентност*

Усвојување на експлицитен став во врска со нашите одлуки и активности што влијаат на животната средина, општеството и економијата и обезбедување чесна и јасна комуникација со засегнатите страни.

## ТРАЈНИ ОПЕРАТИВНИ ПРИНЦИПИ

ДГ БЕТОН АД Скопје во своите активности опфаќа корпоративни процеси и реализира проекти во светло на визијата на компанијата да биде една од најдобрите, најбезбедни и иновативни компании меѓу инженерските и градежните компании во државата и на надворешните пазари и во согласност со својата мисија да дизајнира, гради и испорачува безбедни и градежни проекти без инциденти со минимум влијанија врз животната средина, посветена на воспоставување, спроведување и континуирано развивање на ефикасен систем за управување со здравјето, безбедноста и животната средина при работа, грижа за ефективно вршење на процесите во насока на произведување на очекуваните резултати и создавање на инфраструктура за обука и развој на вработените со цел да се обезбеди компетентност на своите вработени и да се задоволат потребите и очекувањата на своите клиенти и засегнати страни.

Работата ја темелиме на следните принципи:

- Комплетно исполнување и надминување на барањата и очекувањата на купувачите.
- Професионален однос со купувачите и исполнување на договорените рокови.
- Постојана едукација на персоналот и унапредување на индивидуалните способности, зајакнување на одговорноста на вработените и развивање на партнерски односи.
- Почитување на националните законски барања, прифатените барања на меѓународните стандарди (ИСО 9001:20015, ИСО 14001:2015 И ОХСАС 18001: 2007) и договорени барања, како и почитување на ЕУ Директиви и меѓународни конвенции на локациите на странските пазари на кои работиме.
- Обезбедување на здрава работна средина преку утврдување и мерење на загадувањето од работните процеси.
- Постојано подобрување на системот за менаџмент со квалитет, животна средина и здравје и безбедност при работа (ИСО 9001:20015, ИСО 14001:2015 И ОХСАС 18001: 2007)
- Политиката за квалитет, заштита на животната средина и здравје и безбедност при работа која е основа за определување и преиспитување на целите за квалитет и за општите и за општите и посебни цели за животната средина и здравје и безбедност при работа
- Воспоставување на ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни со цел размена на инфопрмации поврзани со квалитетот, заштита на животна средина и здравје и безбедност при работа
- Спречување на повреди при работа создавајќи безбедна работна средина и безбедна опрема за сите вработени




**<u>Политиката за управување со здравје и безбедност</u>** ги обезбедува следниве основни услови:

**Лидерство и посветеност**

o Толеранција за нула инциденти, загадување на животната средина, болести поврзани со работата и социјални спорови

o Зачувување на здравјето, безбедноста, животната средина и општествената одговорност како вредност

o Воспоставување на култура на постојано подобрување и учество на вработените

o Дефинирање и комуницирање на улогите и одговорностите

o Распределба на потребните ресурси

o Обезбедување на безбедно и недискриминаторско работно опкружување базирано на почит

o Барање одговорност за здравјето, безбедноста, животната средина и општествената одговорност

**Планирање**

o Проценка на внатрешните и надворешните проблеми

o Оценување на ризици и можности

o Почитување на применливите закони, регулативи и барања

o Заштита на животната средина и засегнатите заедници

o Соодветно планирање за постигнување на целите

**Управување со ризик**

o Промовирање на проактивен пристап со земање на предвид на сите ризици

o Идентификување, елиминирање и минимизирање на сите опасности, ризици, влијанија врз животната средина и социјалното опкружување

o Идентификување на потенцијалните ситуации во итни случаи и кризи

o Намалување на ризикот од итни случаи

**Имплементација**

o Користење на природните ресурси ефикасно

o Управување со итни случаи, извршување на вежби за одговор при итност

o Обезбедете безбедни алати и опрема

o Обезбедување на правилна документација и ефективно пријавување

o Вклученост на подизведувачите во системот за управување со здравје, безбедност и заштита на животната средина

**Компетентност**

o Информации за вработените за политиката за управување со здравје, безбедност и заштита на животната средина (БЗР)

o Обезбедување на обуки за БЗР и редовна консултација со вработените во врска со системите за управување со БЗР

o Поттикнување на свесност за вработените во насока на БЗР

**Индикатори за цели и клучни карактеристики**

o Дефинирање на цели за БЗР засновани врз применливи барања, ризици и можности и консултација со вработените

o Информирање на подизведувачите за целите

o Комуницирање и соодветно ажурирање на целите на БЗР

**Следење и преглед**

o Следење на таргетите и целите на БЗР

o Проценување на усогласеност со системите за управување со БЗР

o Редовно вршење на преглед на управувањето

o Споделување на научени лекции и најдобри практики

o Оценување и надгледување на подизведувачите

o Подобрување на системите за управување со БЗР кои вклучуваат резултати од прегледот на управувањето

**Социјална одговорност**

o Воспоставување на добри односи со заедниците и соседите погодени од проектот

o Спроведување на фер и транспарентен процес на вработување

o Обезбедување на еднакви можности и благосостојба на работниците

o Подигање на свеста за БЗР во заедниците засегнати од проектот

**Политика за квалитет**

Компанијата е посветена на воспоставување, спроведување и континуирано развивање на ефикасен систем за управување со квалитет со цел да се постигнат стратешките цели на компанијата, да се обезбеди одржливост на квалитетот на производите и услугите што ги нуди, да се обезбеди ефикасност во работата, да се заврши работата добро и правилно, да се завршат работите навреме, во рамките на буџетот и на предвидените перформанси, да се обезбеди ефикасност во спроведување на процесите и произведување на очекуваните резултати, да се исполнат меѓународните стандарди за квалитет, да се создаде инфраструктура за обука и развој на вработените и да се исполнат потребите и очекувања на своите клиенти, вработени и засегнати страни.

**Политиката за квалитет** ќе ги обезбеди следниве основни услови:

**Фокус на клиенти и повратни информации**

o Усогласување со клиентите и нивните барањата и мерења

o Ангажирање на клиентот во работата за постигнување на поквалитетни перформанси

o Брз одговор на грижите и идеите на клиентите

o Фокус на зајакнување на задоволството на клиентите

o Задоволување на применливите барања

**Лидерство и управување**

o Поддршка на лица кои идентификуваат проблеми со квалитетот

o Одржување на отворено опкружување

o Обезбедување на потребни ресурси за системот за менаџирање со квалитет (СМК)

o Преземање одговорност за ефективноста на СМК

o Да се промовира употреба на процесен пристап и размислување засновано на ризик

**Гордост и зајакнување**

o Квалитет не жртвуван за трошоците или распоредот

o Вработените покажуваат гордост и имаат одговорност за квалитетот на работата

o Овластување на врботените да пријавуваат загриженост за квалитетот и да дадат повратна информација

**Процеси и процедури**

o Вработување ефективни процедури, процеси и обука

o Придржување кон процесите вградени во културата

o Подобрување на процедурите, навремено и редовно

o Охрабрување на повратни информации за подобрување на процесите

o Континуирано подобрување на СМК

**Отворено опкружување**

o Поттукнување на став за испрашување

o Решавање на проблемите на транспарентен начин

o Поттикнување на стопирање на работата ако квалитетот е сомнителен

o Охрабрување на вработените во идентификување и решавање на проблеми со квалитетот

**Следете и комуницирајте**

o Агресивно барање и пријавување на проблемите

o Решавање на проблемите навремено

o Следење на метричките квалитети

o Споделување на научени лекции, најдобри практики

**Знаење и одржливост**

o Заштита и одржување на организациското знаење

o Одржување на културата на компанијата

o Вредност и заштита на средства на БЕТОН

o Решавање на ризиците и можностите што можат да влијаат врз СМК

o Промовирање на компетентност и развој на кариера

## ЕКОНОМСКО ОПКРУЖУВАЊЕ

ДГ Бетон АД Скопје како компанија е под влијание на економското опкружување и на трендовите на макроекономските показатели. Анализата за глобалната економија покажува забавен раст и во 2019 годин, што е резултат на економските движења во развиените и во поголем дел од брзорастечките економии. Ако се имаат во предвид последните проекции на ММФ (окт 2019) кои покажуваат надолно ревидиран економски раст од 3% во 2019 (најниска стапка по глобалната економска криза) и потоа умерено забрзување на 3,4% во 2020 година. Како поволни за економскиот раст се земаат постигната согласност околу првата фаза од трговскиот договор од трговскиот конфликт помеѓу САД и Кина кон крајот на 2019 година, кој и понатаму не исклучен како значителен ризик за глобалниот економски раст. Неизвесноста околу Брегзит по одржаните избори во Велика Британија, исто така има влијание на макроекономското опкружување пред се во ЕУ и пошироко. Неизбежно е да се смета одреден процент на ризик и заради геополитичките случувања во земјите со енергетски ресурси.

Македонија, како мала и отворена економија е под силно влијание на глобалните макроекономски случувања заради поврзаноста со ЕУ, имајки предвид дека 80% од извозот на земјата е во ЕУ , 11% во земјите од Западен Балкан кој исто така е значителено поврзани со ЕУ односно заедно околу 91% од вредноста на извозот е директно или индиректно поврзан со ЕУ.

Во однос на домашната економија, се очекува дека во 2019 година би се остварил реален раст од 3,5%, подржан главно од извозот, со оцени за понатамошен раст на активноста на новите капацитети ориентирани кон извоз, но и на дел од традиционалните извозни сектори, како и од домашната побарувачка, поткрепена со оцените за повисока инвестициска активност поврзана со јавните инфраструктурни проекти и оцените за повисока лична потрошувачка, поддржана од растот на сите компоненти на расположливиот доход. Во рамки на октомвриското макроекономско сценарио од страна на НБРМ за тековната и за следните години, 2020-2022 година се задржуваат оцените за умерено забрзување на економскиот раст во услови на солиден кредитен раст, отсуство на позначителни ценовни притисоци и платнобилансна позиција којашто обезбедува раст на девизните резерви. Се очекува дека растот на економијата ќе забрза достигнувајќи 3,8% во 2020 година и 4% во 2021 година, а главни фактори за растот, како и во претходниот циклус проекции, се оцените за понатамошен солиден прилив на нови странски инвестиции во секторот на разменливи добра, јавните инвестиции во патната инфраструктура, активностите на капацитетите ориентирани кон извоз, како и растот на расположливиот доход и стабилните очекувања на домаќинствата. Од аспект на придонесите на индивидуалните компоненти, во рамки на октомвриската проекција се очекува дека растот ќе произлезе од инвестициите и од извозот. Поволниот економски амбиент може да поттикне натамошен раст на личната потрошувачка, преку зголемување на платите и вработеноста во приватниот сектор, што ќе има и дополнително влијание на кредитната поддршка од страна на банките. Наизбежно е дека растот на домашната побарувачка и извозот ќе доведат и до повисок увоз, но се очекува зголемувањето на увозот да биде помало од зголемување на извозот што нема да доведе до нарушување на надворешната рамнотежа. На подолг рок, за 2022 година, се очекува дека македонската економија и натаму ќе расте со стапка од околу 4%.

Сумарно, тековните макроекономски движења и проекции укажуваат на здрави и солидни основи на домашната економија, со потенцијал за солиден раст, поддржан и од кредитната активност на банките, при отсуство на инфлациски притисоци и задржување на поволната надворешна позиција, овозможувајки стабилен домашен амбиент, натамошен прилив на странски инвестиции, засилување на јавниот инфраструктурен циклус, како и раст на странската побарувачка. Секако дека земени се предвид и евентуалните ризици, соодветно ке се следи остварувањата на претпоставките и проекциите а на располагање се и инструментите на монетарно кредитната политика.

# Претпоставки за конструкција на планираните финансиски извештаи

## Биланс на успех

- Порастот на приходите во 2020 година од над 120% се должи на реално потпишани договори со инвеститори за работи кои, согласно договорените динамички планови, треба да се реализираат во текот на 2020 година. Приходите во наредните 2 години планираме да бележат раст од 5% во 2021 и 3% 2022 година, согласно макроекономските показатели и во рамки на реалните очекувања.

- Порастот на директните трошоци се зголемуваат во соодност со зголемувањето на приходите низ годините. За пореална проекција, трошокот за материјали и суровини и трошокот за услуги и коопераnти во 2021 и 2022 година е дополнително зголемен за 3% со цел калкулирање на ризикот од зголемување на цените на инпутите кои најмногу влијаат на крајниот резултат.

- Останатите трошоци е предвидено да се движат во рамките на минатите години, земено процентуално од вкупните приходи на компанијата, или моменталната состојба на задолженост на компанијата, како и планот за инвестирање и промена на конструкцијата на задолженоста на компанијата.

## Биланс на состојба

- Побарувањата од купувачи е проектирано според односот на планираната реализација и планираното зголемување или намалување на бројот на денови на наплата, соодветно за годината. Заради видот на потпишаните договори и извесноста од редовна наплата на нашите побарувања, очекуваме значително намалување на деновите на наплата

- Залихите, заради зголемениот обем на работа во 2020 година споредбено со 2019 година, планираме да се зголемат значително во 2020 година (86%), меѓутоа во наредните две години да се зголемуваат во согласност со процентуалното зголемување на приходите

- Останатите тековни обврски во 2020 и 2021 година планираме да се зголемат 5%, додека во 2022 година – 5%

- Обврските кон добавувачи планираме да ги подмируваме поредовно во однос на 2019 година и деновите на плаќање на обврски кон добавувачи планираме да се намалува во наредните 3 години и да достигне 130 дена во 2022 година

- Во 2020 година не се планирани инвестиции во земјиште, додека во 2021 и 2022 година се планираат инвестиции од околу 2 и 2,5 милиони, соодветно. Исто така, планираме инвестиции во опрема и механизација која годишно ќе биде 3 милиони евра, како и инвестиции во поврзани друштва (странски подружници) од 500 илјади, 2 и 2.5 милиони евра соодветно за 2020, 2021 и 2022 година.

- Согласно потребите за инвестиции, наведени погоре, планираме да ги зголемиме долгорочните кредити и да го намалиме краткорочното задолжување на ниво на планираните инвестиции и потребите за обртни средства за финансирање на веќе-потпишаните проекти за 2020 година и планираната реализација за 2021 и 2022 година.

- Не се планирани нови емисии на акции и продажба на откупените сопствени акции.

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА<br>ДГ БЕТОН АД СКОПЈЕ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Реално | | | Проекција | | |
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
| Во 000 МКД | | | | | | |
| **СРЕДСТВА** | | | | | | |
| ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 169.121 | 48.317 | 65.687 | 171.217 | 270.623 | 392.286 |
| Побарувања од купувачи | 1.338.691 | 1.512.058 | 1.241.262 | 1.560.640 | 1.392.871 | 1.118.394 |
| Залихи | 431.886 | 419.768 | 343.492 | 642.045 | 674.147 | 694.372 |
| Краткорочни дадени заеми | 323.730 | 327.213 | 325.513 | 325.513 | 325.513 | 325.513 |
| Останати краткорочни средства | 47.802 | 34.381 | 182.218 | 191.329 | 200.895 | 206.922 |
| ВКУПНО ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 2.311.230 | 2.341.737 | 2.158.172 | 2.890.744 | 2.864.050 | 2.737.487 |
| | | | | | | |
| НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
| Материјални средства | | | | | | |
| Земјишта | 17.536 | 17.536 | 17.536 | 17.536 | 140.536 | 167.536 |
| Градежни објекти | 1.416.743 | 1.416.743 | 1.416.743 | 1.416.743 | 1.416.743 | 1.416.743 |
| Опрема | 1.146.884 | 1.140.116 | 1.185.532 | 1.370.032 | 1.554.532 | 1.739.032 |
| Инвестиции во тек | 719.598 | 728.433 | 736.125 | 736.125 | 736.125 | 736.125 |
| Акумулирана амортизација | 1.750.322 | 1.856.187 | 1.946.083 | 1.964.533 | 1.982.983 | 2.001.433 |
| Вкупно материјални средства | 1.550.439 | 1.446.641 | 1.409.853 | 1.575.903 | 1.864.953 | 2.058.003 |
| Долгорочни финансиски вложувања | | | | | | |
| Вложувања во подружници | 8.161 | 9.092 | 9.091 | 39.841 | 123.000 | 189.841 |
| Вложувања во хартии од вредност | 9.996 | 9.996 | 9.996 | 9.996 | 9.996 | 9.996 |
| Долгорочни дадени заеми | 208.537 | 256.359 | 56.590 | 50.931 | 45.838 | 41.254 |
| Акумулирана амортизација | 1.355 | 1.355 | 1.355 | 1.355 | 1.355 | 1.355 |
| Вкупно долгорочни вложувања | 225.339 | 274.092 | 74.322 | 99.413 | 177.479 | 239.736 |
| Нематеријални средства | | | | | | |
| Набавна вредност | 12.366 | 13.337 | 14.059 | 14.059 | 14.059 | 14.059 |
| Амортизација | 9.278 | 10.338 | 11.155 | 12.271 | 13.498 | 14.059 |
| Вкупно нематеријални средства | 3.088 | 2.999 | 2.904 | 1.789 | 561 | - |
| ВКУПНО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 1.778.866 | 1.723.732 | 1.487.079 | 1.677.105 | 2.042.993 | 2.297.739 |
| | | | | | | |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | 4.090.096 | 4.065.469 | 3.645.251 | 4.567.849 | 4.907.043 | 5.035.226 |
| | | | | | | |
| ОБВРСКИ И КАПИТАЛ | | | | | | |
| Тековни обврски | | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 1.033.107 | 1.044.667 | 797.721 | 1.047.570 | 1.094.330 | 883.485 |
| Краткорочни кредити и заеми | 714.124 | 700.732 | 651.546 | 528.546 | 501.546 | 489.546 |
| Обврски спрема државата | 100.150 | 116.860 | 59.324 | 53.392 | 48.052 | 43.247 |
| ПВР | 25.412 | 24.681 | 560 | 15.000 | 15.000 | 15.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно тековни средства | 1.872.793 | 1.886.940 | 1.509.151 | 1.644.508 | 1.658.929 | 1.431.278 |
| Нетековни обврски | | | | | | |
| Долгорочни кредити и заеми | 134.988 | 65.343 | 9.036 | 650.000 | 630.500 | 611.585 |
| Вкупно нетековни средства | 134.988 | 65.343 | 9.036 | 650.000 | 630.500 | 611.585 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | 2.007.781 | 1.952.283 | 1.518.187 | 2.294.508 | 2.289.429 | 2.042.863 |
| Капитал | | | | | | |
| Главнина | 856.066 | 856.066 | 856.066 | 856.066 | 856.066 | 856.066 |
| Откупени сопствени акции | 10.098 | 10.098 | 10.098 | 10.098 | 10.098 | 10.098 |
| Премии за издадени акции | | | | | | |
| Законски резерви | 87.023 | 87.023 | 87.023 | 87.023 | 87.023 | 87.023 |
| Ревалоризациони резерви | 744.256 | 744.256 | 744.256 | 744.256 | 744.256 | 744.256 |
| Акумулирана добивка/загуба | 405.066 | 435.936 | 449.255 | 596.094 | 940.367 | 1.315.116 |
| ВКУПНО КАПИТАЛ | 2.082.313 | 2.113.183 | 2.126.502 | 2.273.341 | 2.617.614 | 2.992.363 |
| Вкупно обврски и капитал | 4.090.094 | 4.065.466 | 3.644.689 | 4.567.849 | 4.907.043 | 5.035.226 |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

### ДГ БЕТОН АД СКОПЈЕ

| | Реално | | | Проекција | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Во‘000МКД | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| **Приходи од градежни активности** | **1.721.299** | **1.809.668** | **1.161.043** | **2.848.168** | **2.990.576** | **3.140.105** |
| Останати оперативни приходи | 398.569 | 236.508 | 137.363 | 137.363 | 144.231 | 151.443 |
| **Вкупно приходи** | **2.119.868** | **2.046.176** | **1.298.406** | **2.985.531** | **3.134.808** | **3.291.548** |
| | | | | | | |
| **Оперативни трошоци** | | | | | | |
| Промена во залихи | 178.324 | 61.705 | 61.154 | 298.553 | 32.102 | 20.224 |
| Трошок на суровини и материјали | 549.154 | 706.789 | 315.572 | 651.569 | 704.672 | 739.905 |
| Трошоци за услуги и подизведувачи | 638.561 | 604.099 | 289.374 | 1.278.800 | 1.383.022 | 1.452.173 |
| Бруто плати | 403.795 | 368.915 | 313.587 | 280.000 | 294.000 | 308.700 |
| Амортизација | 130.140 | 116.827 | 90.713 | 96.025 | 100.826 | 105.868 |
| Останати оперативни трошоци | 284.461 | 302.307 | 232.110 | 202.500 | 212.625 | 223.256 |
| **Вкупно Оперативни трошоци** | **2.184.436** | **2.160.642** | **1.302.510** | 2.807.447 | 2.727.248 | 2.850.127 |
| | | | | | | |
| **Оперативна добивка** | **- 64.568** | **- 114.466** | **- 4.104** | **178.084** | **407.560** | **441.421** |
| | | | | | | |
| **Останати приходи и расходи** | | | | | | |
| Приходи од камати | 18.479 | 16.871 | 19.966 | 19.966 | 19.966 | 19.966 |
| Приходи курсни разлики | 133.247 | 195.682 | 39.964 | 39.964 | | |
| Расходи од камати | 41.039 | 54.267 | 41.491 | 45.000 | 45.000 | 45.000 |
| Расходи од курсни разлики | 12.853 | 6.767 | 373 | - | | |
| **Вкупно останати приходи и расходи** | 97.834 | 151.519 | 18.066 | 14.930 | - 25.034 | - 25.034 |
| | | | | | | |
| **Добивка пред оданочување** | **33.267** | **37.053** | **13.962** | **163.154** | **382.526** | **416.387** |
| | | | | | | |
| Данок на добивка и на непризнати трошоци (ДБ) | 290 | 6.181 | 641 | 16.315 | 38.253 | 41.639 |
| **Нето добивка** | **32.977** | **30.872** | **13.321** | **146.839** | **344.274** | **374.748** |